# Кроки во градината / Croquis in the Garden

Галерија Акантус / Acanthus Gallery



акантус • ἄκανθος • acanthus

2018
EUROPEAN YEAR
OF CULTURAL
HERITAGE
#EuropeForCulture

# КРОКИ ВО ГРАДИНАТА

Раскажувањето го продолжуваа животот на приказните. Секоја култура има свои традиции во раскажувањето, различно го користи знакот како израз, како симболизам на изразувањето. Низ процесот на читање создавајќи инспиративна атмосфера во градината на галеријата „Акантус“, уметниците беа воведени во литература која внимателно одбрана имаше задача да ги поттикне на “духовно дејство управувано во исто време во двостран правец”. (Пјер Франкастел). Славејќи го спојот на зборот и цртежот, пред вас се случува уметност и “нештото” (објектот, идејата, техниката) станува живо задоволство. Пред вас се развива феноменологијата на знаците.

Со акцијата на цртање и литературно читање галеријата „Акантус“ направи напор во зачувувањето на духовното културно наследство, на препрочитувањето на европските и македонски автори во рамките на Европската година на културното наследство, селектирајќи автори и дела кои зборуваат за различноста на културите и религиите, за човечките суети, за бунтовноста која е наша обврска, за етиката и за лажните вредности, за емпатијата, за фанатичните обичаи, за барање на убавината и сите сокови на животот. (Д. Атанасова-Лори, Т. Бернхард, Д. Буцати, М.Генасија, Г. Господинов, М. Грубор, Н. Јолдевски, И. Калвино, А. Кристоф, М.Мурџа, Ж. Сарамаго, И. Шопов, Б. Штајн)

Кроки е брз цртеж по жив модел кој бргу ја менува позата и тој се работи во неколку минути. Така уметникот се концентрира на значајните моменти кои го привлекуваат вниманието и се задржува на битните моменти на неговиот цртеж. Тој цртеж се задржува како основа за развој на уметничко дело, но е уметност и дело само по себе.

Во оваа прилика базата за создавање на кроки цртежите на овие десет еминентни уметници (Г.Ѓорѓиев, С.Јанешлиева, М.Кировска, С.Миќиќ, М.Мотеска, О.Мусовиќ, К.Наумовска, М.Рауник, В.Серафимов, Т.Таневска) беше дел од роман, расказ, поезија, текст, како модел кој низ читањето ја менуваше динамиката на сцената и интересот. Возбудата од следната сцена, следниот збор, перспективите на имагинацијата, тие, уметниците, лесно ја преточуваа во нови линии и потези, секој задлабочен во сопствената визуелизација и цртачко-наративен процес.

Кроки цртежите на овие уметници, го бележат нивниот ракопис и сензибилитет, секој со својата обземеност од писателите и афинитетите кон темите обработени во текстовите.

Публиката е моќна, таа е присутна, но пред сè овде се случува чистиот контакт на уметникот и неговото дело. Имагинацијата е под контрола кога уметникот почнува да создава дело, да создава објект. Најголем е потенцијалот кога уметникот ја повлекува првата линија, кога ја остава првата трага, но како делото полека се оформува и расте, тоа станува персонален ракопис. Цртежот како најстара техника на изразување, искрен одраз на потребата да се остави трага и да се запишат симболите и зборовите е секогаш жив. Стравот на уметникот совладувајќи ги техниките да ја занемари фантазијата и имагинацијата, остава брзи, кроки траги кои ќе бидат иницијална реченица, којашто ќе го води до развивање на целата приказна, целата идеја, комплетното уметничко дело. Отпечатоците на уметниковите прсти се насекаде на цртежот, само тој знае како дојде до тоа. Тие зборуваат за неговата дисциплина, за неговата сила и неговите слабости.

Со оваа селекцијата на уметници, сакавме да споиме различни енергии, по темперамент, по сензибилитет, по различен ракопис во кој делуваат. А тие, го прифатија повикот, желни за слушање на читачот како во детските денови, желни за компетитивност, возбудени од создавањето на својот нов запис и сето тоа го споделија со нас. За тоа сме им навистина благодарни.

лик. уметник Дијана Томиќ Радевска



Маја Кировска/Maja Kirovska



Маја Рауник Кирков / Maja Raunik Kirkov

## Горјан Ѓорѓиев / Gorjan Gjorgjiev







## Маја Кировска / Maja Kirovska





## Славица Јанешлиева Бачварска / Slavica Janeshlieva Bachvarska



Срѓан Миќиќ / Srdjan Micic





## Моника Мотеска / Monika Moteska





## Касиопеја Наумовска / Kasiopea Naumovska





Се гледаат, се бендисуваат,
се среќаваат и си заминуваат,
си викаат ќе се видат пак,
едниот се завртува и оди,
и како да вели:
Јас да останам со тебе,
овде, сега, засекогаш?...
И се разделуваат.

Оливер Мусовиќ / Oliver Musovik





## Васко Серафимов / Vasko Serafimov





## Маја Рауник Кирков / Maja Raunik





## Тања Таневска / Tanja Tanevska






# Croquis in the Garden

Stories are kept alive by through their telling and retelling. Every culture has its own oral traditions in storytelling, using different figures to give symbolism to expression. Through curating a reading experience in the inspirational ambiance of the Acanthus Gallery's garden, artists were introduced to carefully selected literature intended to stimulate “a spiritual movement simultaneously focused in two directions” (Pierre Francastel). Celebrating the joining of word and sketch art as it unfolds in front of your eyes and it (the object, the idea, the technique) becomes a living pleasure revealing the phenomenology of symbols.

With the sketch and literature oration event, the Acanthus Gallery made a step forward in preserving the spiritual and cultural heritage of the rereading of European and Macedonian authors in the context of the European Year of Cultural Heritage by selecting authors and works that speak of cultural and religious diversity; of vanity, and of the rebelliousness which is our duty; of moral and fake virtue, of empathy, and of fantastic customs; of the quest for beauty, and of the lust for life (D. Atanasova Lori, T. Bernhard, D. Buzzati, J-M. Geunassia, G. Gospodinov, M. Grubor, N. Joldevski, I. Calvino, A. Kristof, M.Murgia, J. Saramago , I. Shopov, B. Stain).

A Croquis is a fast sketch of a life model that quickly changes its position. It is drawn in several minutes, thus leaving the author to concentrate only on crucial instances that attract his or her attention and to focus on the most important points of the sketch. Such a sketch is generally used as a starting reference for the creation of an artwork, however it is also an oeuvre in itself.

In this particular case the root for the creation of the croquis for the ten selected authors was an extract from a novel, story, poem, essay, used as a model which changed the dynamics of the stage and interest during the reading. The excitement of the next scene, the next word, the perspectives of the imagination was easily transformed by them, the artists, into new lines and movements, while each one of them was deeply entwined in their own visualization and individual process of nation and drawing.

The sketches of these artists carry their unique signature and sensibility, each with their own captivation by the writers and their own interests for the subjects in the texts.  The audience is powerful, it is present, but above all, it is purely connected with the artists as their work unfolds. The imagination is under control when the artist begins to create an artwork, and object. The potential is at its highest when the artist draws the first line, leaving the first trace, but as the work slowly forms and grows it is transformed into a personal handwriting. As the oldest technique of expression, drawing is a sincere reflection of the need to leave a legacy, and to inscribe symbols and words, is always living custom.  The artist's fear that by mastering techniques he or she will forfeit fantasy and imagination, leaves a need for fast croquis dashes, which will be the initial sentence that will lead to the development of the entire story, the whole idea, the artwork.  The fingerprints of the artist's touch are everywhere on the sketch, only (s)he knows how to get there. They speak of the artist's discipline, strength and yet feebleness.

With the present selection of artists, we wanted to combine different energies. Different in temperament, in sensibility, in the hand in which they create, and these accepted the call, avid to listen to readers as in the days of their childhood. Eager for competitiveness, excited for the creation of their own inscription, and willing to share all of that with us.  For this we are grateful to them.

Dijana Tomik Radevska, artist.



Горјан Ѓорѓиев/Gorjan Gjorgjiev




Оливер Мусовиќ/Oliver Musovik

**Горјан Ѓорѓиев** - Дипломирал на ФЛУ во Скопје, отсек сликарство, 1987 г. Член е на ДЛУМ од 1988 г. Учествувал на многу перформанси, групни изложби и колонии во земјата и во странство. Самостојни изложби: Скопје 1993 г., 1994 г ,1995 г, 2000 г, 2007 г., 2008 г, 2009 г 2010 г ; 2012 г, 2015 г, 2017 г.; Струмица1995 г.; Белград 1997 г.; Битола 2001 г.; Белград, Србија 2010 г.; Подгорица, Црна Гора 2010 г. Франција 2017г.
Живее и работи во Скопје.

**Славица Јанешлиева Бачварска** (1973) е визуелна уметница со изразен мултимедијален и интермедијален пристап. По образование е графичар, но делува преку различни медиуми: графика, објект, уметничка инсталација, цртеж, фотографија, видео, уметничка книга итн. Нејзините дела се изложувани на национални и меѓународни изложби низ целиот свет (27 самостојни изложби и над 250 групни изложби). Добитник е на повеќе меѓународни и национални награди и признанија, а нејзиното творештво збогатува значајни колекции во земјата и странство. Живее и работи во Скопје, како редовен професор на Студиската програма по графика на Факултетот за ликовни уметности (УКИМ).



Славица Јанешлиева Бачварска
Slavica Janeshlieva Bacvarska

**Маја Кировска,** (1982, Скопје). Дипломирала на ФЛУ во Скопје во 2007 год., на отсек графика со насока графички дизајн. Од 2007 г. член на ДЛУМ. Во 2009 година, една од создавачите на уметничката група истоимен културен центар во Скопје Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. 2011 магистрира на ФЛУ во Скопје, во област сликарство. Во 2012 една е од основачите на уметничката група МОМИ. Добила награди, меѓу кои и наградата на ДЛУМ за најдобра изложба во 2014 година. 15 самостојни изложби во Р. Македонија и Јужна Кореја, Португалија, САД и Р. Хрватска. Голем број групни изложби во Р. Македонија, САД, Јужна Кореја, Холандија, В. Британија, Германија, Италија, Р. Хрватска, Србија и др. Од 2013 е Доцент магистер на Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје, во 2018 станува вонреден професор.

**Срѓан Миќиќ** (1980 г). Во Скопје. 1998/99 Средно училиште за Применета Уметност УПУ „Лазар Личеновски" во Скопје на специјалност графика и графички дизајн. 1999/02 Студии во Белоруската Академија на Уметностите во Минск на специјалност графика. 2002/05 Додипломски студии на Националната Уметничка Академија во Софија на специјалност графика. 2005/07 Магистерски студии на Националната Уметничка Академија во Софија на специјалност сликарство. Осум самостојни и повеќе од триесет групни изложби, учество на ликовни колонии и симпозиуми во Македонија и надвор од неа. Од 2011 работи како професор на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје.

**Моника Мотеска** (1971 г.Прилеп), Дипломирала на ФЛУ - сликарски оддел во Скопје, 1996. Се занимава со сликарство, фотографија, видео и инсталација. Реализирала 16 самостојни изложби во: Скопје, Прилеп, Белград, Нови Сад, Будимпешта, Виена, Њујорк, Тетово, Охрид и Струмица. Учествувала на голем број групни изложби во: Скопје, Битола, Виена, Солун, Белград, Софија, Њујорк, Стокхолм, Токио, Минхен, Пласенбург, Стразбур.

**Оливер Мусовиќ** (1971, Скопје). Дипломирал на ФЛУ - Скопје во 1997. Магистрирал во 2004.
Самостојно изложувал на 17 изложби во Македонија, Швајцарија, Словенија, Србија, Австралија и Црна Гора. Групни изложби: Љубљана и Европа, 2012-2014; Модена, 2009; Букурешкото биенале, 2008; Солунското биенале, 2007; Касел, 2003; Манифеста 4 - Европско биенале на современа уметност, Франкфурт, 2002; Истанбулското биенале, 1999. Има 7 резиденцијални престои 2018, Вајмар; 2017, Брно; 2016, Женева; 2014, Сеул; 2006, Њујорк. Негови дела се застапени во повеќе јавни колекции: Модена; Цетиње; Љубљана; Скопје.Неговите дела се публикувани во повеќе публикации - прегледи на современа уметност како "Autobiography" (Thames and Hudson, 2004), "Vitamin Ph New Perspectives in Photography", (Phaidon, 2006), "Photo Art, Photography in the 21st. Century", (Aperture, 2008).Работи како самостоен уметник. Во периодот 2013-15 бил член на уметничкиот колектив КООПЕРАЦИЈА.

**Касиопеја Наумовска** (1968, Скопје). 2016- Магистер по Студии на културата, Институт за општествени и хуманистички науки Скопје.1993 - Дипломирала на ФЛУ во Скопје.
Самостојни изложби: во Македонија, Берлин, Торонто, Бугарија, Над сто меѓународни групни изложби, меѓу кои САД, Канада, Бугарија, Турција, Грција, Југославија, Полска.

**Маја Рауник Кирков** е академски графичар и ликовен едукатор, професор на Педагошкиот факултет „Св. Клиемент Охридски" во Скопје. Добитник е на повеќе графички награди. Учествува на повеќе од 100 изложби во над 20 земји. Нејзини дела се наоѓаат во повеќе уметнички институции: „Албертина" графичка збирка, Виена, Австрија; Долењски Музеј, Ново Место, Словенија; Музеј на современа уметност, Скопје,; Државен Музеј, Мајданек, Полска; Уметничка галерија „Даут Пашин Амам", Скопје, Музеј на град Битола.



Маја Рауник Кирков/ Maja Raunik Kirkov

**Vasko Serafimov** (1966 ). He works on music composing since 80-ies. He published 3 albums, he collaborated with meny eminent musicians from Balkan countries. He worked together with Venko Serafimovski on the project of Kiro Urdin, Planetarium. Some of those movies have been awarded on world festivals. Digital drawing is his creative preoccupation in the last 5 years. He lives and works in Skopje.

Vasko28serafimov@gmail.com

**Tanja Tanevska** (1971, Skopje). BFA on Faculty for Fine Arts on Painting, but works also in other medias: painting, sculpture, drawing, photography, print, art installations etc. Her art works are exhibited on national and international exhibitions in the world (21 solo exhibitions and over 200 group exhibitions, international symposia and art colonies, artist in residence programs, humanitarian projects etc.). She has been awarded with national and international awards, and her art work are part of collections in Macedonia and abroud. Lives and works in Skopje as an art teacher in High School for Applied Arts in Skopje.

e-mail: tanevskat@yahoo.com



Васко Серафимов / Vasko Serafimov




Тања Таневска / Tanja Tanevska

**Gorjan Gjorgjiev** He graduated at the Faculty for Fine Arts in Skopje, department of painting, 1987. Member of DLUM since 1988. He participated in many performances, group exhibitions and colonies in the country and abroad. Solo exhibitions: Skopje 1993; 1994, 1995, 2000, 2007, 2008, 2009, 2010, 2012, 2015, 2017; Strumica, 1995; Belgrade 1997; Bitola 2001; Belgrade, Serbia 2010; Podgorica, Montenegro 2010; France 2017. He lives and works in Skopje

mail: gorjan@mkc.mk Tel: 078310934

**Slavica Janešlieva-Bačvarska** (b.1973) is a visual artist with characteristic multimedia and inermedial expression. Janešlieva specialized in graphic art/printmaking, but she works in various mediums: print, object, art installation, drawing, photography, video, book art etc. Her works are part of numerous national and international exhibitions all over the world (27 solo exhibitions and over 250 group exhibitions). She has been awarded a number of international and national awards and honors, and her works are part of important institutional art collections in Republic of Macedonia and abroad. She lives and works in Skopje, and is a full professor at the Printmaking Department, Faculty of Fine Arts, Ss. Cyril and Methodius University.

https://slavicajaneslieva.blogspot.mk/

**Maja Kirovska** (1982, Skopje). 2007 BFA on Faculty for Fine Arts in Skopje, department of graphic art with course in graphic design. From 2007 member of the Association of Fine artists of Macedonia. In 2009, one of the founders of the art group and cultural center in Skopje Art I.N.S.T.I.T.U.T. 2011, MA from the Faculty of Fine Arts in Skopje, in the field of painting. In 2012, one of the founders of the art group MOMI. Awards for artistic achievements, for the best exhibition in 2014, given by the Association of Fine artists of Macedonia. 15 Solo exhibitions in the Republic of Macedonia, and other countries: South Korea, Portugal, USA and R. Croatia. Group exhibitions in Republic of Macedonia, USA, South Korea, Netherlands, Great Britain, Germany, Italy, Croatia, Serbia and other countries. From 2013 Assistant Professor at the European University Republic of Macedonia Skopje, and in 2018 she becomes associate professor.

**Srdjan Micic** born in Skopje. 1998/99 finished High School for applied art in Skopje, department-art printmaking and graphic design. 1999/02 studied on Belarusian State Academy of Arts in Minsk, department art printmaking. 2002/05. BFA on National Art Academy in Sofia, department painting. 8 solo exhibitions and more than 30 group exhibitions. He took part on many art colonies and symposia in Macedonia and abroad. From 2011 teaches at International Balkan University in Skopje.

**Monika Moteska** - (1971, Prilep). Faculty for Fine Arts, Skopje, BFA 1996. She works on painting, photography, video and art installations. 16 Solo Exhibitions: Skopje, Prilep, Tetovo, Ohrid, Strumica, Novi Sad (Serbia), New York (USA), Belgrade (Serbia), Budapest (Hungary), Vienna (Austria); Group Exhibitions: Skopje, Bitola, Plassenburg-Kulmbach, (Germany), Vienna (Austria), Sofia (Bulgaria), New York (USA), Stockholm (Sweden), Thessaloniki (Greece), Tokyo (Japan), Munich (Germany), Strasbourg (France).

**Oliver Musovik** (1971, Skopje). BFA from the Faculty of Fine Arts, Skopje, 1997; MFA, 2004. He had 17 solo exhibitions in Macedonia, Switzerland, Slovenia, Serbia, Australia and Montenegro. International group exhibitions: among others: Ljubljana and touring, 2012-14; Modena, 2009-10; 3rd Bucharest Biennale in 2008; 1st Thessaloniki Biennale, 2007; Kassel, 2003; Manifesta 4 European Biennale of Contemporary Art, Frankfurt, 2002; 6th Istanbul Biennale, 1999. Participated at seven artist-in-residency programs including: Weimar 2018; Brno, 2017; Geneva, 2016; Seoul, 2014; New York, 2006. Works in several public collections including: Skopje; Ljubljana; Cetinje; Modena.Works published in art magazines and books, including: “Autobiography” (Thames and Hudson, 2004), “Vitamin Ph New Perspectives in Photography”, (Phaidon, 2006), “Photo Art, Photography in the 21st. Century”, (Dumont 2007 / Aperture, 2008). Freelance artists and was a member of the loose artist collective KOOPERACIJA (2013-15).

www.olivermusovik.tk musovik@gmail.com

**Kasiopeja Naumovska** (1968, Skopje). In 2016 she obtained an MA in Cultural Studies from the Institute of Social Sciences and Humanities. In 1993 she graduated from the Faculty for Fine Arts in Skopje. She has had solo exhibitions in Macedonia, Berlin, Toronto, Bulgaria, and has participated in more than one hundred international group exhibitions, including USA, Canada, Bulgaria, Turkey, Greece, Yugoslavia, Poland.



Касиопеја Наумовска/Kasiopeja Naumovska

**Maya Raunik Kirkov** is graphic artist and visual art educator, prof. of the Faculty of Pedagogy “St. Kliment Ohridsk”i, Skopje. She won national and international graphic art awards and participated on more than 100 exhibitions in 20 countries. Her works are integrated in the collections of art institutions: Albertina, graphic collection, Vien , Austria, Dolen`s Museum, Novo Mesto, Slovenia, Museum of Contemporary Art, Skopje, State Museum, Majdanek, Poland, Art Gallery Daut Pasha Hamam, Skopje, Municipal museum, Bitola...

**Vasko Serafimov** (1966 ). He works on music composing since 80-ies. He published 3 albums, he collaborated with meny eminent musicians from Balkan countries. He worked together with Venko Serafimovski on the project of Kiro Urdin, Planetarium. Some of those movies have been awarded on world festivals. Digital drawing is his creative preoccupation in the last 5 years. He lives and works in Skopje.

Vasko28serafimov@gmail.com



**Tanja Tanevska** (1971, Skopje). BFA on Faculty for Fine Arts on Painting, but works also in other medias: painting, sculpture, drawing, photography, print, art installations etc. Her art works are exhibited on national and international exhibitions in the world (21 solo exhibitions and over 200 group exhibitions, international symposia and art colonies, artist in residence programs, humanitarian projects etc.). She has been awarded with national and international awards, and her art work are part of collections in Macedonia and abroud. Lives and works in Skopje as an art teacher in High School for Applied Arts in Skopje.

e-mail: tanevskat@yahoo.com

CIP

Да си бев мравка...

Дојди да ми ги видиш градиве,
тоа чудо што менува надморска (с)висина,
засекогаш различни.
Оди со раката надолу,
најди го местото каде два живота растеле,
каде два живота се родени,
два живота се поминати низ ова тело,
и не зборувај ми за реинкарнација, беднику!
Јас умирав и се будев среде
истиот овој живот, неколку пати,
и не биднав цвет,
и не се престорив во зимзелено дрво.
Си останавме јас и сите болки на моево тело.

978-608-66180-1-8